**20171252502**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 септември 2017 година.

Бр. 08-3096/1
11 септември 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК**

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), во членот 26 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Во периодот од распишувањето на изборите, но не подоцна од 30 дена пред денот на нивното одржување, Собранието го усогласува составот на Државната изборна комисија согласно со членот 27 став (5) од овој закон.“.

Ставовите (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12) и (13).

Член 2

Во членот 28 став 1 алинеја 1 зборовите: „членот 27 став (1) и став (2)“ се заменуваат со зборовите: „членот 27 став (1), став (2) и став (5)“.

Член 3

По членот 196-к се додава нов член 196-л, кој гласи:

„Член 196-л

Собранието на Република Македонија, во постапка утврдена со ставовите 2 и 3 на овој член, ќе го усогласи составот на Државната изборна комисија согласно со членот 27 став (5) од овој законик најдоцна до почетокот на изборната кампања за изборите кои ќе се

одржат на 15 октомври 2017 година за избор на членови на советите на општините и советот на град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје.

Собранието го огласува изборот на член на Државната изборна комисија во „Службен весник на Република Македонија" и во дневниот печат. Огласот трае пет дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Претседателот на Собранието ја известува политичката партија во опозиција, во рок од 24 часа од приемот на известувањето за пријавени кандидати по огласот од ставот 2 на овој член, да му достават предлог за член на Државната изборна комисија. Доставениот предлог, Комисијата за прашања на изборите и именувањата го утврдува и веднаш го доставува до Собранието на Република Македонија“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.